Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 04.12.2023

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, вчера (4 декември) околу 10 часот го привеле 36-годишниот З.С. од гостиварското село Падалиште. Тој бил баран со потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово.

На 03.12.2023 на ул.„Сашо Китаноски“ во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Е.Ш.(28) и Б.М.(27), двајцата од Прилеп, затоа што при преглед кај нив и во возилото во кое се превезувале била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 02.12.2023 во 22.00 часот во с.Шемшево, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Јагуновце го привеле С.С.(33) од Ирак поради непоседување документи за идентификација. Лицето ќе биде пренесено во Транзитниот центар Табановце за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (03.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 144 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 51 санкција, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), пет мерки за возач почетник...

На 03.12.2023 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 91 прекршување на брзината, од кои по 36 на подрачјата на Струмица и Радовиш, 10 на подрачје на Валандово и 9 на подрачје на Гевгелија. Од нив, 70 пречекорувања на брзината биле констатирани надвор од населено место, а 21 во населено место. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 03.12.2023 во 19.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Лука Геров“ и ул.„Тиранска“ се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел корса“ со скопски регистарски ознаки, управувано од С.П.(69) од Скопје и патничко моторно возило „форд фиеста“ со скопски регистарски ознаки, управувано од А.П.(40) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил А.П., а со телесни повреди се здобил С.П. констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ и Градската општа болница „8 Септември“. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 03.12.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Гази Баба, З.И.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Карл Либкнехт“ била касната од куче скитник.

На 03.12.2023 во 11.50 часот во СВР Битола, Г.Т.(39) од Битола пријавила дека на ул. „Кланица“ била касната од куче скитник.

На 03.12.2023 во 11.35 часот во СВР Битола, А.С.(46) од Битола пријави дека во Битола била касната од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Б.(21) и Ф.Б.(26), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори“ и „соизвршителство“. Пријавените, во текот на ноември 2023 година набавиле марихуана и кокаин, кои ги препакувале во помали пакувања за понатамошна продажба, а кои биле пронајдени кај нив.

На 03.12.2023 од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово е спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени и санкционирани вкупно 62 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-38 и ГВ-24), од кои 2 (ТЕ-1 и ГВ-1) за повеќе од 70 километри на час и 23 (ТЕ-12 и ГВ-11) за повеќе од 50 километри на час. Исто така, откриени и санкционирани се и 44 пречекорувања на пропишаната брзина во населено место (ТЕ-42 и ГВ-2). од кои 1 (ТЕ) за повеќе од 50 километри на час, како и 11 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-6).

На 03.12.2023 во периодот од 10.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 75 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-10, Струга-26, Кичево-29, Дебар-10).

На 03.12.2023 во 11.20 часот, И.И.(59) од Кичево во полициска станица пријави дека на улицата „Амит Челопечанец“ во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 03.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци од кои 33 надвор од населено место и 4 во населено место. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои 5 за нерегистрирано возило, 3 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 2 за непрописно паркирање.

На 03.12.2023 во 22.50 часот во СВР Скопје, Р.Е.(27) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од Џ.Н., Л.Н., С.Н. и А.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Ј.(31) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 29.11.2023 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед во возилото кое го управувал пријавениот , при што пронашле и одзеле марихуана.

Денеска (04.12.2023) во 01.00 часот во СВР Скопје, 51 - годишен маж пријавил дека на 03.12.2023 околу 20.00 часот во скопско село, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот брат Г.С.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Г.А.(45) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 16.03.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле повеќе патрони за ловечка пушка и повеќе куршуми, кои ги поседувал без дозвола.

На 03.12.2023 во 00.30 часот во СВР Скопје, С.А.(45) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари, тој и неговата сопруга биле физички нападнати од Е.Б.(38) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Ѓ.Ч.(23) од с.Митрашинци, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“. На 08.10.2023 во с.Митрашинци, пријавениот упатил закани и се обидел физички да нападне кон службено лице - државен инспектор во Државниот инспекторат за шумарство и ловство, кој вршел службени дејствија.

На 03.12.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, Д.Ѓ.(60) од Скопје пријавил дека во с.Дивје бил физички нападнат од М.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.12.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје, С.Н.(36) од с.Горно Коњари, скопско, пријавил дека во селото, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од Л.Н. и М.Н., а неговиот малолетен син бил физички нападнат од Л.Н. Се преземаат мерки за расчистување



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет